РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 04-149/24
17.11 2021 год.

Врз основа на член 143 став 17 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) в.д. Директорот на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе на ден 17.11.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За избор за вработување на каднидати по јавен оглас 03/2021 за работното место со реден број 1**

1. По спроведената постапка за вработување по јавен оглас број 03/2021 година, за работно место број 1. **ДЕЗ 03 03 В04 001 – Приправник Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст** - (1) еден извршител на неопределено работно време се избира следниот кандидат:

   - **ЛЕНЧЕ СТОЈЧЕВА**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ВД Дирекоторот го избра лицето од точката 1 од оваа Одлука по спроведена постапка за вработување во согласност со член 143 од Законот за заштита на децата и член 8 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и дејноста одмор и рекреација на децата.

За вработување на извршителот од точката 1 на оваа одлука се обезбедени средства од Мнистерството за финасии со број 18-4989/2 од 29.06.2021 година.

Врз основа на одлука за потреба од пополнување на слободни работни места број 04-149 од 15.07.2021 година и обезбедените финансии е распишан Јавен оглас број 03/2021 на ден 21.07.2021 во дневниот весник „Слободен печат" и на 22.07.2021 во дневниот весник „Лајм".

На јавниот оглас 03/2021 за вработување работно место под реден број 1. **ДЕЗ 03 03 В04 001 – Приправник Воспитувач на деца над 2-6 годишна возраст** - (1) еден извршител на неопределено работно време се поднесени 4 пријави: Пријава заведена под број 04-149/4 од 22.07.2021 година од **Софија Иванова,** Пријава заведена под број 04-149/7 од 22.07.2021 година од **Јасминка Јодранова,** Пријава заведена под број 04-149/9 од 22.07.2021 **од Јасминка Гошевска** и Пријава заведена под број 04-149/13 од 23.07.2021 година од **Ленче Стојчева**. Комисијата при вршење на проверката на внесените податоци во пријавата и приложените докази утврди дека кандидатот Софија Иванова нема доставено важечка лиценца за всопитувач и ѝ определи дополнителен рок за комплетирање на доказите, но и покрај дополнително определениот рок Софија Иванова не достави важечка лиценца за воспитувач и за неа заврши постапката во фаза на селекција. Сите останати пријавени кандидати ги имаат сите потребни докази, односно сите документи за докажување на општите и посебните услови утврдени во јавниот оглас. Пријавите беа навремени.

Комисијата не спроведе проверка на способноста за работното место 1 од Јавниот оглас 03/2021 од причина што се работи за вработување на Приправник, а согласно член 8 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и дејноста одмор и рекреација на децата „проверка на способноста не може да се врши при засновање на работен однос со приправник". Сите кандидати кој ја поминаа фазата на селекција за редниот број 1 дале точни податоци и приложиле веродостојни докази кон пријавата и затоа сите освоија 100 бода. Комисијата не состави предлог со прворангиран кандидат од причина што сите кандидати имаат максимален

број на бодови од административната селекција и ги исполнуваат условите согласно Закон и Колективен договор.

Комисијата состави ранг листи без предлог за прво рангиран и без редни броеви со освоено максимални 100 бода од фаза на административна селекција.

Согласно Ранг листата, а во врска со член 143 став 17 од Законот за заштита на децата и член 8 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и дејноста одмор и рекреација на децата, а врз основа на тоа дека не постои можност за проверка на способноста за Приправници која е изречно забранета во колективниот договор во членот 12, а и од причина што кандидатот Ленче Стојчева има повеќе годишно искуство во установата и покажа исклучителна професионалност и како Неговател и како Воспитувач ангажирана со договор на дело, в.д. Директорот постапи како во диспозитивот и го избра лицето од точка 1 на оваа одлука за вработување на неопределено време.

Правна поука:

Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право на Жалба во рок од 8 дена од денот на приемот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

17.11.2021 Свети Николе

Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“

в.д. Директор